# ПРОТОКОЛ ОД НАГОЈА

# ЗА

# ПРИСТАП ДО ГЕНЕТСКИТЕ РЕСУРСИ И ПРАВЕДНА И РАМНОПРАВНА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИДОБИВКИТЕ ШТО РЕЗУЛТИРААТ ОД НИВНОТО КОРИСТЕЊЕ

# КОН

# КОНВЕНЦИЈАТА ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

## ТЕКСТ И ДОДАТОК

# ПРОТОКОЛ ОД НАГОЈА

# ЗА

# ПРИСТАП ДО ГЕНЕТСКИТЕ РЕСУРСИ И ПРАВЕДНА И РАМНОПРАВНА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИДОБИВКИТЕ ШТО РЕЗУЛТИРААТ ОД НИВНОТО КОРИСТЕЊЕ

# КОН

# КОНВЕНЦИЈАТА ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

## ТЕКСТ И ДОДАТОК

## СЕКРЕТАРИЈАТ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ ВО МОНТРЕАЛ

Конвенција за биолошка разновидност

Обединети нации

Секретаријат на Конвенцијата за биолошка разновидност Програма за животна средина на Обединетите нации

Протокол од Нагоја за пристап и распределба на придобивки

413 St. Jacques Street West, Suite 800 Montreal, Quebec, Canada H2Y 1N9 Телефон: +1 (514) 288 2220

Факс: +1 (514) 288 6588

Адреса на електронска пошта: secretariat@cbd.int

Веб страница: www.cbd.int

© 2011 од Секретаријатот на Конвенцијата за биолошка разновидност. Сите права задржани

Издание 2011

Печатено во Канада ISBN: 92-9225-306-9

Оваа публикација може да се копира за едукативни и непрофитни цели без посебно одобрение од носителите на авторските права, под услов да се наведе изворот.

Секретаријатот на Конвенцијата би бил благодарен доколку добие примерок од сите публикации кои ја искористиле оваа публикација како извор.

Локален каталог:

Протокол од Нагоја за пристап до генетските ресурси и праведна и рамноправна распределба на придобивките што резултираат од нивното користење кон Конвенцијата за биолошка разновидност : текст и додаток/Секретаријат на Конвенцијата за биолошка разновидност.

Резиме: „Оваа брошура ги содржи текстот и додатокот на Протоколот од Нагоја за пристап до генетските ресурси и праведна и рамноправна распределба на придобивките што резултираат од нивното користење кон Конвенцијата за биолошка разновидност .”—Од издавачот.

ISBN 92-9225-306-9

1. Зачувување на биолошката разновидност —Закони и законодавство 2. Зачувување на генетски ресурси—Закони и законодавство 3.Биолошка разновидност – меѓународна соработка 4. Зачувување на биолошката разновидност

I. Конвенција за биолошка разновидност (1992).Протоколи итн., 29 окт. 2010. II. Конференција на Страните на Конвенцијата за биолошка разновидност (2010: Нагоја, Јапонија) III. Обединети нации. K3488 .A48 2011

За повеќе информации, ве молиме контактирајте со Секретаријатот на Конвенцијата за биолошка разновидност

# Вовед

Конвенцијата за биолошка разновидност е отворена за потпишување на 5 јуни 1992 година, на Конференцијата на Обединетите нации за животна средина и развој („Самит за Земјата“ во Рио) и стапи во сила на 29 декември 1993 година. Конвенцијата е единствениот меѓународен инструмент што сеопфатно се однесува на биолошката разновидност. Трите цели на Конвенцијата се: зачувување на биолошката разновидност, одржливо користење на нејзините компоненти и праведна и рамноправна распределба на придобивките што произлегуваат од користењето на генетските ресурси.

За понатамошен напредок на спроведувањето на третата цел, Светскиот самит за одржлив развој (Јоханесбург, септември 2002 година) повика на преговори за меѓународен режим, во рамките на Конвенцијата, со цел да се промовира и да се гарантира праведна и рамномерна распределба на придобивките што произлегуваат од користењето на генетски ресурси. Конференцијата на Страните на Конвенцијата одговори на нејзиниот седми состанок, во 2004 година, со тоа што ја овласти својата Ад-хок отворена работна група за пристап и распределба на придобивките да разработи и преговара околу меѓународен режим за пристап кон генетските ресурси и распределба на придобивките со цел ефикасно спроведување на Членовите 15 (Пристап до генетски ресурси) и 8(j) (Традиционално знаење) на Конвенцијата и нејзините три цели.

По шестгодишни преговори, на десеттиот состанок на Конференцијата на Страните, на 29 октомври 2010 година, во Нагоја, Јапонија, беше усвоен Протоколот од Нагоја за пристап до генетските ресурси и праведна и рамноправна распределба на придобивките што произлегуваат од нивното користење кон Конвенцијата за биолошка разновидност.

Протоколот значително го потпомага напредокот на третата цел на Конвенцијата, со тоа што претставува цврста основа за поголема правна сигурност и транспарентност за снабдувачите и за корисниците на генетски ресурси. Конкретните обврски за поддршка на усогласувањето со домашното законодавство или регулаторните барања на Страната што ги обезбедува генетските ресурси и договорните обврски коишто се наведени во заеднички договорените услови се значајна иновација на Протоколот. Овие одредби за усогласување, како и одредбите што воспоставуваат попредвидливи услови за пристап до генетските ресурси, ќе придонесат за сигурна распределба на придобивките кога генетските ресурси ќе ја напуштат Страната што ги обезбедува генетските ресурси. Дополнително, одредбите на Протоколот што се однесуваат на пристап до традиционалното знаење што го поседуваат домородните и локалните заедници и коешто се однесува на генетските ресурси ќе ја зајакнат способноста на тие заедници да извлечат корист од употребата на своите знаења, иновации и практики.

Преку промовирање на употребата на генетските ресурси и традиционалното познавање на истите, како и преку зајакнување на можностите за праведна и рамноправна распределба на придобивките од нивното користење, Протоколот ќе создаде иницијативи за зачувување на билошката разновидност, одржливо користење на нејзините компоненти и ќе го зголеми придонесот на биолошката разновидност кон одржливиот развој и човековата добросостојба.

# ПРОТОКОЛ ОД НАГОЈА ЗА ПРИСТАП ДО ГЕНЕТСКИТЕ РЕСУРСИ И ПРАВЕДНА И РАМНОПРАВНА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИДОБИВКИТЕ ШТО РЕЗУЛТИРААТ ОД НИВНОТО КОРИСТЕЊЕ КОН КОНВЕНЦИЈАТА ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

Страните на овој Протокол,

коишто се Страни на Конвенцијата за биолошка разновидност, во понатамошниот текст: „Конвенцијата“,

потсетувајќи дека праведната и рамноправната распределба на придобивките што резултираат од користењето на генетските ресурси е една од трите основни цели на Конвенцијата и потврдувајќи дека овој Протокол го следи остварувањето на оваа цел во рамките на Конвенцијата,

потврдувајќиги неприкосновените права на Државите над нивните природни ресурси и во согласност со одредбите на Конвенцијата,

потсетувајќи на член 15 од Конвенцијата,

признавајќи го значајниот придонес кон одржливиот развој постигнат преку трансфер на технологија и соработка за изградба на капацитети за истражување и иновација за да се зголеми вредноста на генетските ресурси во земјите во развој, во согласност со членовите 16 и 19 од Конвенцијата,

признавајќи дека јавната свест за економската вредност на екосистемите и биолошката разновидност и праведната и рамноправната распределба на таа економска вредност со чуварите на биолошката разновидност се клучни стимули за зачувување на биолошката разновидност и одржливиот развој на нејзините компоненти,

потврдувајќи ја потенцијалната улога на пристапот и распределбата на придобивките кон зачувувањето и одржливата употреба на биолошката разновидност, искоренувањето на сиромаштијата и одржливоста на животната средина, со што се придонесува кон постигнувањето на Милениумските развојни цели,

прифаќајќи ја врската меѓу пристапот до генетските ресурси и праведната и рамноправна распределба на придобивките што резултираат од користењето на тие ресурси,

препознавајќи ја важноста да се обезбеди правна сигурност во поглед на пристапот до генетските ресурси и праведната и рамноправната распределба на придобивките што резултираат од нивното користење,

понатаму признавајќи ја важноста на промовирањето на рамноправност и праведност во преговорите за меѓусебно договорени услови меѓу снабдувачите и корисниците на генетски ресурси,

признавајќи ја и виталната улога на жените во пристапот и распределбата на придобивките и потврдувајќи ја потребата за потполно учество на жените на сите нивоа на креирањето и спроведувањето на политиката за зачувување на биолошката разновидност,

одлучни понатаму да го поддржува ефективното спроведување на одредбите за пристап и распределба на придобивките од Конвенцијата,

потврдувајќи дека е потребно иновативно решение за праведна и рамноправна распределба на придобивките што резултираат од користењето на генетски ресурси и традиционалното познавање на генетски ресурси во прекугранични ситуации или во случаи кога не е возможно да се додели или стекне согласност базирана на претходна размена на информации,

признавајќи ја важноста на генетските извори за безбедноста на храната, јавното здравство, зачувувањето на биолошката разновидност, како и за ублажувањето на климатските промени и приспособувањето кон нив,

признавајќи ја специфичната природа на земјоделската биолошка разновидност, нејзините специфични карактеристики и проблемите за коишто се потребни специфични решенија,

признавајќи ја меѓусебната зависност на сите држави во поглед на генетските ресурси за храна и земјоделство, како и нивната посебна природа и важноста на постигнување безбедност на храната на глобално ниво и за одржлив развој на земјоделството во контекст на намалување на сиромаштијата и климатските промени и признавајќи ја фундаменталната улога на Меѓународниот договор за растителни генетски ресурси за храна и земјоделство и Комисијата за генетски ресурси за храна и земјоделство при Организацијата за храна и земјоделство (FAO) во тој поглед,

свесни за Меѓународните прописи за здравство (2005 година) на Светската здравствена организација и важноста на сигурен пристап до човечки патогени со цел подготвеност и реакција на јавното здравство.,

признавајќи ја тековната работа на други меѓународни форуми, којашто се однесува на пристап и распределба на придобивките,

присетувајќи се на Мултилатералниот систем за пристап и распределба на придобивките воспоставен врз основа на Меѓународниот договор за растителни генетски ресурси за храна и земјоделство и изработен во согласност со Конвенцијата,

потврдувајќи дека меѓународните инструменти во поглед на пристапот и рамноправната распределба треба взаемно да се поддржуваат во намерата да ги постигнат целите на Конвенцијата,

присетувајќи се на значењето на член 8(j) од Конвенцијата, бидејќи се однесува на традиционалното познавање на генетските ресурси и праведната и рамноправната распределба на придобивките што резултираат од користењето на тоа знаење,

истакнувајќи ја меѓусебната врска меѓу генетските ресурси и традиционалното знаење, нивната неразделлива природа за домородните и локалните заедници, значењето на

традиционалното знаење за зачувувањето на биолошката разновидност и одржливото користење на нејзините компоненти и за одржлива егзистенција на тие заедници,

признавајќи ја разновидноста на условите во коишто домородните и локалните заедници го чуваат или поседуваат традиционалното знаење за генетски ресурси,

имајќи предвид дека домородните и локалните заедници имаат право да ги идентификуваат законските сопственици на своето традиционално знаење за генетски ресурси, во рамките на нивните заедници,

понатаму препознавајќи  ги уникатните услови во земјите во коишто се чува традиционалното знаење во поглед на генетските ресурси, а коешто може  да биде орално, документирано или во некои други форми, одразувајќи го богатото културно наследство значајно за зачувување и одржливо користење на биолошката разновидност,

имајќи ја предвид Декларацијата на Обединетите нации за правата на домородните народи, и

потврдувајќи дека овој Протокол не содржи ништо што би можело да се протолкува дека ги намалува или поништува постоечките права на домородните и локалните заедници ,

Се договорија како што следува:

Член
**1**

## ЦЕЛ

Целта на овој Протокол е праведна и рамноправна распределба на придобивките што резултираат од користењето на генетски ресурси, вклучувајќи преку соодветен пристап до генетските ресурси и преку соодветен трансфер на релевантните технологии, земајќи ги предвид сите права над тие ресурси и технологии, како и преку соодветно финансирање, со што ќе се придонесе за зачувување на биолошката разновидност и одржливо користење на нејзините компоненти.

Член
**2**

## КОРИСТЕЊЕ НА ТЕРМИНИТЕ

За овој Протокол важат термините дефинирани во член 2 на Конвенцијата. Дополнително, за целите на овој Протокол:

(а) „Конференција на Страните” значи Конференција на Страните на Конвенцијата;

(б) „Конвенција” значи Конвенцијата за биолошка разновидност;

(в) „Користење на генетски ресурси” значи да се спроведат истражувања и развој на генетскиот и/или биохемискиот состав на генетските ресурси, вклучувајќи и преку примена на биотехнологија, како што се предвидува во член 2 од Конвенцијата;

(г) „Биотехнологија”, како што е дефинирано член 2 од Конвенцијата, значи секоја технолошка примена што користи биолошки системи, живи организми или нивни деривати, којашто создава и модификува производи или процеси за конкретна употреба;

(д) „Дериват” значи природно настаната биохемиска состојка, како резултат на генска експресија или метаболизам на биолошки или генетски ресурси, дури и ако таа не содржи функционални наследни единици.

Член
**3**

## ОПСЕГ

Овој Протокол се однесува на генетските ресурси во опсегот на член 15 од Конвенцијата и на придобивките што резултираат од користењето на тие ресурси. Овој Протокол се однесува и на традиционалното знаење за генетските ресурси во опсегот на Конвенцијата и на придобивките што произлегуваат од користењето на тоа знаење.

Член
**4**

## ПОВРЗАНОСТ СО МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ И ИНСТРУМЕНТИ

1. Одредбите на овој Протокол не влијаат врз правата и обврските на која било Страна на кој било постоечки меѓународен договор, освен ако користењето на тие права и обврски не предизвикува сериозна штета или закана за биолошката разновидност. Овој став не е наменет за создавање хиерархија меѓу овој Протокол и другите меѓународни инструменти.

2. Во овој Протокол нема ништо што ги спречува Страните да развиваат и спроведуваат други значајни меѓународни договори, вклучувајќи и други договори за пристап и распределба на придобивки, доколку тие ги поддржуваат и не се спротивставуваат на целите на Конвенцијата и овој Протокол.

3. Овој Протокол се спроведува на взаемно поддржлив начин со другите меѓународни инструменти релевантни за Протоколот. Се обрнува должно внимание на корисната и значајна тековна работа или практики базирани на тие меѓународни инструменти и релевантни меѓународни организации доколку истите ги поддржуваат и не се спротивни на целите на Конвенцијата или овој Протокол.

4. Овој Протокол е инструмент за спроведување на одредбите на Конвенцијата за пристап и распределба на придобивки. Каде што важи специјализираниот инструмент за меѓународен пристап и распределба на придобивките, којшто е доследен и не е во спротивност со целите на Конвенцијата и овој Протокол, овој Протокол не се однесува на Страната или Страните на специјализираниот инструмент во поглед на конкретниот генетски ресурс што го покрива и којшто е наменет за целите на специјализираниот инструмент.

Член
**5**

## ПРАВЕДНА И РАМНОПРАВНА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИДОБИВКИТЕ

1. Во согласност со член 15, ставови 3 и 7 од Конвенцијата, придобивките што резултираат од користењето на генетските ресурси, како и последователните примени и комерцијална употреба се споделуваат на рамноправен начин со Страната што ги обезбедува тие ресурси, односно земјата на потекло на истите или Страната којашто ги стекнала генетските ресурси согласно Конвенцијата. Тоа споделување се врши врз основа на взаемно договорени услови.

2. Секоја Страна презема соодветни правни, административни или политички мерки, со цел придобивките што резултираат од користењето на генетските ресурси, коишто веќе ги поседуваат домородните и локалните заедници, во согласност со домашното законодавство што се однесува на утврдените права на тие домородни и локални заедници над тие генетски ресурси, да се споделат, на праведен и рамноправен начин, со засегнатите заедници, врз основа на взаемно договорени услови.

3. За спроведување на горенаведениот став 1, секоја земја презема соодветни правни, административни и политички мерки.

4. Придобивките може да подразбираат парични и непарични придобивки, вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на оние што се наброени во Додатокот.

5. Секоја Страна презема правни, административни и политички мерки, зависно од случајот, со цел придобивките што резултираат од користењето на традиционалното познавање на генетските ресурси да се споделат на праведен и рамноправен начин со домородните и локалните заедници, коишто го поседуваат тоа знаење. Споделувањето се врши врз основа на взаемно договорени услови.

Член
**6**

## ПРИСТАП ДО ГЕНЕТСКИТЕ РЕСУРСИ

1. При користењето на неприкосновеното право над природните ресурси и согласно домашното законодавство или регулаторните барања за пристап и распределба на придобивките, пристапот до генетските ресурси за нивно користење ќе подлежи на согласност базирана на претходна размена на информации на Страната што ги обезбедува тие ресурси, односно земјата на потекло на тие ресурси или Страната којашто ги стекнала генетските ресурси во согласност со Конвенцијата, освен ако таа Страна не одлучи поинаку.

2. Во согласност со домашните закони, секоја Страна ќе преземе соодветни мерки, со цел да стекне согласност базирана на претходна размена на информации или одобрение и вклученост на домородните и локалните заедници за пристапдо генетските ресурси, кадешто тие имаат востановено право да одобрат пристап до таквите ресурси.

3. Согласно горенаведениот став 1, секоја Страна, којашто бара согласност базирана на претходна размена на информации, презема соодветни неопходни законодавни, административни или политички мерки, со цел:

(а) да обезбеди правна сигурност, недвосмисленост и транспарентност на домашното законодавство и регулаторните барања за пристап и рамноправна распределба;

(б) да обезбеди праведни и неспорни правила и постапки во поглед на пристапот до генетските ресурси;

(в) да обезбеди информации за начинот на којшто треба да се поднесе барање за согласност базирана на претходна размена на информации;

(г) да обезбеди недвосмислена и транспарентна писмена одлука од страна на националните надлежни тела, на економичен начин и во разумен временски период;

(д) безбеди, за време на пристапот, дозвола или нејзин еквивалент како доказ за одлуката да се додели согласност базирана на претходно стекнати информации и за утврдувањето на взаемно договорените услови, и соодветно на тоа да ја извести Клириншката куќа за пристап и распределба на придобивки;

(ѓ) зависно од случајот и согласно домашното законодавство, да одреди критериуми и/или процеси за стекнување согласност базирана на претходна размена на информации или одобрение и вклученост на домородните и локалните заедници за пристап до генетските ресурси; и

(е) да воспостави недвосмислени прописи и постапки за барање и утврдување на взаемно договорени услови. Тие услови треба да бидат писмено утврдени и може да вклучуваат, помеѓу другото:

(i) Клаузула за решавање на спорови;

(ii) Услови за распределба на придобивките, вклучувајќи и такви што се однесуваат на правото на интелектуална сопственост;

(iii) Услови за последователно користење од трета страна, доколку ја има; и

(iv) Услови за промена на намената, зависно од случајот.

Член
**7**

## ПРИСТАП ДО ТРАДИЦИОНАЛНО ЗНАЕЊЕ ПОВРЗАНО СО ГЕНЕТСКИТЕ РЕСУРСИ

Во согласност со домашните закони, зависно од случајот, секоја Страна треба да преземе соодветни мерки, за да обезбеди пристап до традиционалното познавање на генетски ресурси што го поседуваат домородните и локалните заедници, врз основа на согласност базирана на претходна размена на информации или одобрение и вклученост на овие домородни и локални заедници, како и воспоставување на взаемно договорени услови.

Член
**8**

## ПОСЕБНИ АСПЕКТИ

При изработката и спроведувањето на своето законодавство или регулаторни барања за пристап и распределба на придобивките, секоја Страна е должна:

(а) да создава услови за промовирање и поттикнување на истражување, коешто придонесува за зачувување и одржливо користење на биолошката разновидност, особено во земјите во развој, вклучувајќи и преку поедноставени мерки за пристап за некомерцијални истражувачки цели, земајќи ја предвид потребата да се обрне внимание на промена на намената на тоа истражување;

(б) да посвети должно внимание на случаите на постојни или претстојни вонредни состојби, што претставуваат закана за здравјето на човекот, животните или растенијата, како што е одредено на национално или меѓународно ниво. Страните можат да ја земат предвид потребата за забрзан пристап до генетски ресурси и забрзана праведна и рамноправна распределба на придобивките што резултираат од тие генетски ресурси, вклучувајќи и пристап до достапни терапии за оние што имаат потреба, особено во земјите во развој;

(в) да го земе предвид значењето на генетските ресурси за храната и земјоделството и нивната посебна улога во безбедноста на храната.

Член
**9**

## ПРИДОНЕС ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ И ОДРЖЛИВА УПОТРЕБА

Страните ги поттикнуваат корисниците и снабдувачите да ги насочат придобивките од користењето на генетските ресурси кон зачувување на биолошката разновидност и одржливо користење на нејзините компоненти.

Член
**10**

## ГЛОБАЛЕН МУЛТИЛАТЕРАЛЕН МЕХАНИЗАМ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИДОБИВКИ

Страните ги земаат предвид потребата за глобален мултилатерален механизам за распределба на придобивките и модалутетите на истиот во однос на постапувањето со праведната и рамноправната распределба на придобивките што резултираат од користењето на генетски ресурси и традиционалното знаење за генетските ресурси, што може да се јават во прекугранични ситуации или за коишто не е возможно да се додели или стекне согласност базирана на претходна размена на информации. Придобивките што ги споделуваат корисниците на генетските ресурси и традиционалното познавање на генетски ресурси, преку овој механизам, се користат за поддршка на зачувувањето на биолошката разновидност и одржливото користење на нејзините компоненти на глобално ниво.

## Член 11

## ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

1. Во случаи каде што истите генетски ресурси се наоѓаат *in situ* на територијата на повеќе од една Страна, тогаш тие Страни настојуваат да соработуваат, зависно од случајот, со вклучување на засегнатите домородни и локални заедници, секогаш кога е возможно, со цел да го спроведуваат овој Протокол.

2. Кога истото традиционално знаење за генетските ресурси го споделуваат повеќе од една домородна и локална заедница во рамките на неколку Страни, тогаш тие Страни настојуваат да соработуваат, зависно од случајот, со вклученост на засегнатите домородни и локални заедници, со цел да ја остварат целта на овој Протокол.

## Член 12

## ТРАДИЦИОНАЛНО ЗНАЕЊЕ ПОВРЗАНО СО ГЕНЕТСКИТЕ РЕСУРСИ

1. При спроведување на нивните обврски од овој Протокол, Страните, во согласност со домашните закони, ги земаат предвид обичајните закони, протоколите и постапките на домородните и локалните заедници, каде што можат да се применат, во однос на традиционалното знаење за генетските ресурси.

2. Страните, со ефективно учество на засегнатите домородни и локални заедници, воспоставуваат механизми за информирање на потенцијалните корисници на традиционалното знаење за генетските ресурси за нивните обврски, вклучувајќи ги мерките што се достапни преку Клириншката куќа за пристап и распределба на придобивките за пристап и праведна и рамноправна распределба на придобивките што резултираат од користењето на тоа знаење.

3. Страните настојуваат да поддржуваат, зависно од случајот, подготовка од страна на домородните и локалните заедници, вклучувајќи ги и жените во тие заедници, на:

(а) Протоколи на заедниците што се однесуваат на пристап до генетските ресурси и праведна и рамноправна распределба на придобивките од користењето на тоа знаење;

(б) Минимални барања за взаемно договорени услови за обезбедување на праведна и рамноправна распределба на придобивките од користењето на традиционалното знаење за генетските ресурси; и

(в) Обрасци на договорни клаузули за распределба на придобивките што резултираат од користењето на традиционалното знаење за генетските ресурси.

4. Страните, при нивното спроведување на овој Протокол, колку што е возможно, не го ограничуваат вообичаеното користење и размената на генетските ресурси и традиционалното знаење за истите во рамките на и меѓу домородните и локалните заедници во согласност со целите на Конвенцијата.

Член
**13**

## НАЦИОНАЛНИ КООРДИНАТОРИ И НАДЛЕЖНИ НАЦИОНАЛНИ ОРГАНИ

1. Секоја Страна е должна да назначи национален координатор за пристап и распределба на придобивки. Националниот координатор става на располагање информации на следниот начин:

(а) За подносители на барање за пристап до генетски ресурси, информации за постапките за стекнување согласност базирана на претходна размена на информации и воспоставување на вземно договорени услови, вклучувајќи ја и распределбата на придобивките;

(б) За подносители на барање за пристап до традиционално знаење за генетски ресурси, каде што е возможно, информации за постапките за стекнување согласност базирана на претходна размена на информации или одобрение и вклученост, зависно од случајот, на домородни и локални заедници и воспоставување на взаемно договорени услови, вклучувајќи ја и распределбата на придобивките; и

(в) Информации за надлежните национални органи, релевантните домородни и локални заедници и релевантните заинтересирани страни.

Националниот координатор е одговорен за односите со Секретаријатот.

2. Секоја Страна назначува еден или повеќе национални надлежни органи за пристап и распределба на придобивки. Надлежните национални органи, во согласност со важечото национално законодавство, административните или политичките мерки, се одговорни за одобрување пристап или, зависно од случајот, издавање писмени докази дека се исполнети барањата за пристап и се одговорни за советување во врска со важечките постапки и барања за стекнување согласност базирана на претходна размена на информации и за взаемно договорени услови.

3. Страната може да назначи едно тело што ќе ги исполнува функциите и на координатор и на национален надлежен орган.

4. Секоја Страна, најдоцна до датумот на влегување во сила на овој Протокол, ги доставува до Секретаријатот информациите за контакт за својот национален координатор и националните надлежни органи. Кога една Страна назначува повеќе од еден национален надлежен орган, тогаш таа му ги пренесува на Секретаријатот, заедно со свое известување за истите, релевантните информации за односните одговорности на тие надлежни органи.Зависно од случајот, тие иформации одредуваат, како минимум, кој надлежен орган е одговорен за бараните генетски ресурси.Секоја Страна е должна веднашда го извести Секретаријатот за какви било промени во назначувањето на својо национален кооридинатор или во информациите за контакт или за одговорностите на својот надлежен национален орган или органи.

5. Секретаријатот ги става на располагање примените информации согласно став 4 преку Клириншката куќа за пристап и распределба на придобивките.

Член
**14**

## КЛИРИНШКА КУЌА ЗА ПРИСТАП И РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИДОБИВКИТЕ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ

1. Со овој Протокол, се воспоставува Клириншка куќа за пристап и распределба на придобивките како дел од механизмот на клириншка куќа од член 18, став 3 од Конвенцијата. Таа служи како средство за размена на информации во врска со пристапот и распределбата на придобивките. Особено, таа обезбедува пристап до информаиците што ги ставила на располагање секоја Страна, а се релевантни за спроведувањето на овој Протокол.

2. Без да се доведе во прашање заштитата на доверливи информации, секоја Страна е должна да ги достави до Клириншката куќа за пристап и распределба на придобивки сите информации што ги бара овој Протокол, како и и нформациите што се бараат во согласност со одлуките на Конференцијата на Страните, во својство на состанок на Страните на Протоколот. Информациите подразбираат:

(а) Законодавни, административни и политички мерки за пристап и распределба на придобивките;

(б) Информации за националниот координатор и за националниот надлежен орган или органи; и

(в) Дозволи или нивен еквивалент издадени во времето на пристапот како доказ за одлуката да се додели согласност базирана на претходна размена на информации и за воспоставувањето на взаемно договорени услови.

3. Дополнителните информации, доколку се достапни и зависно од случајот, може да вклучуваат:

(а) Релевантни надлежни органи на домородните или локалните заедници и информации доколку така се одлучи;

(б) Модел на договорни клаузули;

(в) Методи и алатки развиени за мониторинг на генетски ресурси; и

(г) Кодекси на однесување и најдобри практики.

4. Модалитетите на функционирањето на Клириншката куќа за пристап и распределба на придобивките, вклучувајќи и извештаи за нејзините активности, ќе се земат предвид и ќе подлежат на одлуките на Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол на неговиот прв состанок, а потоа ќе подлежат на ревизија.

Член
**15**

## УСОГЛАСЕНОСТ СО ДОМАШНОТО ЗАКОНОДАВСТВОИЛИ РЕГУЛАТОРНИТЕ БАРАЊА ЗА ПРИСТАП И РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИДОБИВКИТЕ

1. Секоја Страна презема соодветни,ефективни и пропорционални законодавни, административни или политички мерки за да се осигура дека пристапот до генетските ресурси што се користат под нејзина јурисдикција бил остварен по согласност базирана на претходна размена на информации и дека се утврдени взаемно договорени услови, како што налагаат домашното законодавство за пристап и распределба на придобивките или регулаторните барања на другата Страна.

2. Страните преземаат соодветни, ефективни и пропорционални мерки во однос на ситуации на неусогласеност на мерките усвоени во согласност со став 1.

3. Страните, колку што е возможно и зависно од случајот, соработуваат во случаи на наводно прекршување на домашното законодавство или регулаторните барања за пристап и распределба на придобивките од став 1.

Член
**16**

## УСОГЛАСЕНОСТ СО ДОМАШНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ИЛИ РЕГУЛАТОРНИТЕ БАРАЊА ЗА ПРИСТАП И РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИДОБИВКИТЕ ЗА ТРАДИЦИОНАЛНОТО ЗНАЕЊЕ ЗА ГЕНЕТСКИТЕ РЕСУРСИ

1. Секоја страна ќе преземе соодветни, ефективни и пропорционални законодавни или политички мерки, зависно од случајот, за да се осигура дека пристапот до традиционалното знаење за генетските ресурси што се користи под нивна јурисдикција бил остварен со почитување на согласност базирана на претходна размена на информации или одобрение и вклученост на домородните и локалните заедници и дека се утврдени взаемно договорени услови, како што се бара со законодавството или регулаторните барања за пристап и распределба на придобивките на другата Страна кадешто се лоцирани тие домородни и локални заедници.

2. Секоја Страна презема соодветни, ефективни и пропорционални мерки за справување со ситуациите на непочитување на мерките усвоени во согласност со став 1.

3. Страните, колку што е возможно и зависно од случајот, соработуваат во случаи на наводно непочитување на домашните законодавство или регулаторни барања за распределба на придобивките од став 1.

Член
**17**

## МОНИТОРИНГ НА КОРИСТЕЊЕТО НА ГЕНЕТСКИ РЕСУРСИ

1. За поддршка на усогласеноста, секоја Страна презема мерки, во зависност од случајот, за мониторинг и зголемување на транспарентноста на користењето на генетски ресурси. Тие мерки вклучуваат:

(а) Назначување на едена или повеќе контролни точки, на следниот начин:

(i) Назначените контролни точки собираат или примаат, во зависност од случајот, релевантни информации во врска со согласноста базирана на претходна размена на информации, за изворот на генетските ресурси, за утврдувањето на взаемно договорени услови и/или за користењето на генетски ресурси, зависно од случајот;

(ii) Секоја Страна, во зависност од случајот и во зависност од посебните карактеристики на назначената контролна точка, бара корисниците на генетските ресурси да ги обезбедат информациите утврдени во горниот став на назначената контролна точка. Секоја Страна презема соодветни, ефективни и пропорционални мерки за справување со ситуации на неусогласеност;

(iii) Тие информации, под коишто се подразбираат меѓународно признати сертификати на усогласеност кога тие се достапни, без да се доведе во прашање заштитата на доверливи информации, се доставуваат до релевантните национални надлежни органи, до Страната што обезбедува согласност базирана на претходна размена на информации и до Клириншката куќа за пристап и распределба на придобивките, во зависност од случајот;

(iv) Контролнитеточки мора да се ефективни и треба да имаат функции релевантни за спроведувањето на овој подстав (а). Тие треба да се релевантни за користењето на генетските ресурси или за собирањето на релевантните информации, меѓу другото, во секоја фаза на истражување, развој, иновација, пред-комерцијална или комерцијална употреба.

(б) Поттикнување на корисниците и снабдувачите на генетски ресурси да вклучат одредби во взаемно договорените услови за споделување информации за спроведувањето на тие услови, вклучувајќи и преку барања за известување; и

(в) Поттикнување на користење на алатки и системи за комуникација коишто се ефективни во однос на цената.

2. Дозвола или нејзин еквивалент издадени во согласност со член 6, став 3 (д) и доставени до Клириншката куќа за пристап и распределба на придобивките, претставува меѓународно признат сертификат за усогласеност.

3. Меѓународно признатиот сертификат за усогласеност е во својство на доказ дека пристапот до генетските ресурси што ги покрива е остварен со почитување на согласноста базирана на претходна размена на информации и дека се утврдени взаемно договорени услови, како што се бара со домашното законодавство за пристап и распределба на

придобивките или регулаторните барања на Странатa што дава согласност базирана на претходна размена на информации.

4. Меѓународно признатиот сертификат за усогласување ги содржи следните минимални информации, доколку не се доверливи:

(а) Орган што издава;

(б) Датум на издавање;

(в) Снабдувач;

(г) Единствен идентификатор на сертификатот;

(д) Лицето или субјектот на коешто/којшто му се доделува согласност базирана на претходна размена на информации;

(ѓ) Содржината на генетските ресурси на коишто се однесува сертификатот;

(е) Потврда дека биле воспоставени взаемно договорени услови;

(ж) Потврда дека била стекната согласност базирана на претходна размена на информации; и

(з) Комерцијална и/или некомарцијална употреба.

Член
**18**

## УСОГЛАСЕНОСТ СО ВЗАЕМНО ДОГОВОРЕНИТЕ УСЛОВИ

1. При спроведувањето на член 6, став 3 (е) (i) и член 7, секоја Страна е должна да ги поттикува снабдувачите и корисниците на генетски ресурси и/или традиционално знаење за генетските ресурси да вклучуваат одредби во взаемно договорените услови, што ќе покриваат решавање на спорови, вклучувајќи и:

(а) Месната надлежност на којашто ќе бидат подложени сите процеси на решавање на спор;

(б) Важечкиот закон; и/или

(в) Опции за алтернативно решавање на спорот, како што се медијација или арбитража.

2. Секоја Страна е должна да обезбеди постоење на можност за барање ресурси во нејзиниот правен систем, во согласност со барањата на дадената месна надлежност, во случаи на спор што ќе произлезе од взаемно договорените услови.

3. Секоја Страна презема ефективни мерки, зависно од случајот, во врска со:

(а) Пристапот до правда; и

(б) Користењето на механизми коишто се однесуваат на взаемното признавање и стапување ви сила на странски пресуди и арбитражни одлуки.

4. Ефективноста на овој член ја разгледува Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол во согласност со член 31 од Протоколот.

Член
**19**

## МОДЕЛ НА ДОГОВОРНИ КЛАУЗУЛИ

1. Секоја Страна поттикнува, зависно од случајот, развој, ажурирање и користење на секторски и повеќе-секторски модели на договорни клаузули за взаемно договорените услови.

2. Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол, периодично врши увид во секторските и повеќе-секторските модели на договорни клаузули.

Член
**20**

## КОДЕКСИ НА ОДНЕСУВАЊЕ, УПАТСТВА И НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ И/ИЛИ СТАНДАРДИ

1. Секоја страна поттикнува, зависно од случајот, развој, ажурирање и употреба на доброволни кодекси на однесување, упатства и најдобри практики и/или стандарди во однос на пристапот и распределбата на придобивките.

2. Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол периодично врши увид во користењето на доброволните кодекси на однесување, упатствата и најдобрите практики и/или стандарди и ја разгледува потребата од усвојување на посебни кодекси на однесување, упатства и/или стандарди.

Член
**21**

## ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА

Секоја Страна презема мерки за подигање на свеста за важноста на генетските ресурси и традиционалното знаење за генетските ресурси и прашањата што се однесуваат на пристапот и распределбата на придобивките. Во тие мерки може да спаѓаат, помеѓу другие:

(а) Промоција на овој Протокол, вклучувајќи ја и неговата цел;

(б) Организирање состаноци на домородните и локалните заедници и со релевантните заинтересирани субјекти;

(в) Воспоставување и одржување на биро за помош за домородните и локалните заедници и релевантните заинтересирани субјекти;

(г) Ширење информации преку национална клириншка куќа;

(д) Промовирање на доброволни кодекси на однесување, упатства и најдобри практики и/или стандарди при консултација со домородните и локалните заедници и релевантните заинтересирани субјекти;

(ѓ) Промовирање, зависно од случајот, на домашна, регионална и меѓународна размена на искуства;

(е) Едукација и обука на корисниците и снабдувачите на генетските ресурси и традиционално знаење за генетските ресурси во врска со нивните обврски за пристап и распределба на придобивките;

(ж) Вклучување на домородните и локалните заедници и релевантните заинтересирани субјекти во спроведувањето на овој Протокол; и

(з) Подигање на свеста за протоколите и постапките на домородните и локалните заедници.

Член

**22**

## КАПАЦИТЕТ

1. Страните се должни да соработуваат во градењето на капацитети, развојот на капацитетите и зајакнувањето на човечките ресурси и институционалните капацитети за ефективно спроведување на овој Протокол во Страните-земји во развој, особено најмалку развиените земји и малите островски држави во развој помеѓу нив, и Страните со економии во транзиција, вклучувајќи и преку постојните глобални, регионални, подрегионални и национални институции и организации. Во овој контекст, Страните треба да овозможат вклучување на домородните и локалните заеници и релевантните заинтересирани субјекти, вклучувајќи и невладини организации и приватниот сектор.

2. Целосно се зема предвид потребата од финансиски ресурси за градење на капацитет и развој, на Страните - земји во развој, особено најмалку развиените земји во развој и малите островски држави меѓу нив и Страните со економии во транзиција, во согласност со релевантните одредби на Конвенцијата , за спроведување на овој Протокол.

3. Како основа за соодветни мерки во однос на спроведувањео на овој Протокол, Страните - земји во развој, особено најмалку развиените земји во развој и малите островски држави меѓу нив и Страните со економии во транзиција,, треба да ги идентификуваат своите национални потреби и приоритети за капацитет, преку национална самооценка на капацитетите. Притоа, таквите Страни треба да ги поддржуваат потребите и приоритетите за капацитет на домородните и локалните заедници и релевантните заинтересирани субјекти, утврдени од нивна страна, нагласувајќи ги потребите и приоритетите за капацитет на жените.

4. Како поддршка на спроведувањето на овој Протокол, развојот и градењето на капацитети може да ги опфати, меѓу другите, следните клучни области:

(а) Капацитети за спроведување и усогласување со обврските на Протоколот;

(б) Капацитети за преговарање за взаемно договорени услови;

(в) Капацитети за развој, спроведување и стапување во сила на домашните законодавни, административни и политички мерки за пристап и распределба на придобивките; и

(г) Капацитети на земјите за развој на нивните ендогени истражувачки капацитети за да им додадат вредност на сопствените генетски ресурси.

5. Мерките, во согасност со горните ставови 1 до 4, може да вклучат, помеѓу другото:

(а) Правен и институционален развој;

(б) Промовирање на еднаквост и рамноправност во преговорите, како на пример, обука за преговарање за взаемно договорени услови;

(в) Мониторинг и примена на усогласувањето;

(г) Користење најдостапни комуникациски алати и системи базирани на интернет за активностите на пристап и распределба на придобивките;

(д) Развој и користење на методи на проценка;

(ѓ) Одредување на био-потенцијалите, сродни истражувања и таксономски студии;

(е) Трансфер на технологии, како и инфраструктура и технички капацитети за да се овозможи одржлив трансфер на технологии;

(ж) Зголемување на придонесот кон активностите на пристап и распределба на придобивките за зачувување на биолошката разновидност и одржливо користење на нејзините компоненти;

(з) Посебни мерки за зајакнување на капацитетот на релевантните заинтересирани субјекти во поглед на пристапот и распределбата на придобивките; о

(ѕ) Посебни мерки за зајакнување на капацитетот на домородните и локалните заедници со акцент на зајакнување на капацитетот на жените во рамките на тие заедници во поглед на пристапот до генетските ресурси и/или традиционалното знаење за генетските ресурси.

6. Информации за иницијативите за изградба и развој на капацитети на национално, регионално и меѓународно ниво, преземени во согласност со горните ставови 1 до 5 , треба да се доставaт до Клириншката куќа за пристап и распределба на придобивките, со цел да се промовира заедничко дејствување и координација при изградба и развој на капацитети за пристап и распределба на придобивките.

Член
**23**

## ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИЈА
## И СОРАБОТКА

Во согласност со членовите 15, 16, 18 и 19 од Конвенцијата, Страните се должни да соработуваат во рамките на програмите за техничко и научно истражување, како средства за постигнување на целите на овој Протокол. Страните се обврзуваат да промовираат и поттикнуваат пристап до технологија преку трансфер на технологија во земјите во развој во својство на Страни, особено најмалку развиените островски држави и мали островски држави во развој, како и Страните со економија во транзиција, со цел да се овозможи развој и

зајакнување на здрава и изводлива технолошка и научна основа за постигнување на целите на Конвенцијата и овој Протокол. Секогаш кога е возможно и соодветно, таквите активности на соработка се одвиваат во и со Страната или Страните коишто обезбедуваат генетски ресурси, а тоа е земјата или земјите на потекло на тие ресурси или Страната или Страните коишто ги стекнале тие генетски ресурси во согласност со Конвенцијата.

Член
**24**

## ЗЕМЈИ ШТО НЕ СЕ СТРАНИ

Страните ги поттикнуваат земјите што не се Страни да се придржуваат до овој Протокол и да приложуваат соодветни информации до Клириншката куќа за пристап и распределба на придобивките.

Член
**25**

## ФИНАНСИСКИ МЕХАНИЗАМ И РЕСУРСИ

1. При разгледувањето на финансиските ресурси за спроведување на овој Протокол, Страните ги земаат предвид одредбите на член 20 од Конвенцијата.

2. Финансискиот механизам на Конвенцијата е финансиски механизам и за овој Протокол.

3. Во однос на изградбата и развојот на капацитети од член 22 од овој Протокол, Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол, при обезбедувањето насоки за финансискиот механизам од став 2 за разгледување од страна на Конференцијата на Страните, ја зема предвид потребата на Страните-земји во развој, особено најмалку развиените земји и островките држави во развој, како и на Странитесо економии во транзиција, за финансиските ресурси, како и потребите од капацитети и приоритетите на домородните и локалните заедници, вклучувајќи ги и жените во тие заедници.

4. Во контекст на горниот став 1, Страните, исто така, ќе ги имаат предвид потребите на земјите во развој-Страни, особено на најмалку развиените земји и малите островски земји во развој, како и Страните чиишто економии се во транзиција, нивните напори да ги идентификуваат и спроведат своите барања за изградба и развој на капацитети за целите на спроведувањето на овој Протокол.

5. Насоките за финансискиот механизам на Конвенцијата во релевантните одлуки на Конференцијата на Страните, вклучувајќи ги оние околу коишто била постигната согласност пред усвојувањето на овој Протокол, се применуваат, mutatis mutandis, на одредбите на овој член.

6. Развиените земји - Страни може да обезбедат, а земјите во развој- Страни чиишто економии се во транзиција да користат финансиски и други ресурси за спроведувањето на одредбите на овој Протокол преку билатерални и мултилатерални канали.

Член
**26**

## КОНФЕРЕНЦИЈА НА СТРАНИТЕ ВО СВОЈСТВО НА СОСТАНОК НА СТРАНИТЕ НА ОВОЈ ПРОТОКОЛ

1. Конференцијата на Страните е во својство на состанок на Страните на овој Протокол.

2. Страните на Конвенцијата коишто не се Страни на овој Протокол може да учествуваат како набљудувачи на кој било состанок на Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол. Кога Конференцијата на Страните е во својство на состанк на Страните на овој Протокол, одлуките засновани на Протоколот важат само за оние што се негови Страни.

3. Кога Конференцијата на Страните е во својство на состанок на Страните на овој Протокол, секој член на Бирото на Конференцијата, којшто застапува Страна на Конвенцијата, но во тоа време не е Страна на овој Протокол, го заменува член којшто е избран од страна на и од редовите на Страните на овој Протокол.

4. Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол редовно го ревидира спроведувањето на овој Протокол и донесува, во рамките на својот мандат, одлуки значајни за промовирање на неговото ефективно спроведување. Таа ги исполнува функциите коишто ѝ ги доделил овој Протокол и:

(а) Дава препораки околу секое прашање неопходно за спроведување на овој Протокол;

(б) Воспоставува помошни тела, коишто се сметаат за неопходни за спроведувањето на овој Протокол;

(в) Бара и користи, зависно од случајот, услуги и соработка од страна на надлежните меѓународни организации и меѓувладини и владини тела и информации обезбедени од нивна страна;

(г) Ги утврдува формата и интервалите за пренесување на информациите што треба да се поднесат во согласност со член 29 од овој Протокол и ги разгледува таквите информации, како и извештаите поднесени од страна на секое помошно тело;

(д) Разгледува и усвојува, доколу се бара, амандмани на овој Протокол и неговиот Додаток, како и дополнителни додатоци на Протоколот, коишто се сметаат за неопходни за спроведување на овој Протокол; и

(ѓ) Врши други функции што се потребни за спроведување на овој Протокол.

5. Деловникот за работа на Конференцијата на Страните и финансиските правила на Конвенцијата се применуваат, mutatis mutandis, според овој Протокол, освен ако Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол не одлучи поинаку по пат на консензус.

6. Првиот состанок на Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол го свикува Секретаријатот и се одржува паралелно со првиот состанок на

Конференцијата на Страните, којшто е закажан по датумот на стапување во сила на овој Протокол. Последователните редовни состаноци на Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол се одржуваат паралелно со редовните состаноци на Конференцијата на Страните, освен ако Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол не одлучи поинаку.

7. Вонредните состаноци на Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол се одржуваат во секое време доколку Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол тоа го смета за неопходно или на писмено барање на која било Страна, доколку во рок од шест месеци откако Секретаријатот го проследил барањето до Страните, истото го поддржат најмалку една третина од Страните.

8. Обединетите нации, нејзините специјализирани агенции и Меѓународната агенција за атомска енергија, како и која било земја-членка на истите или набљудувачи на истите, што не се Страни на Конвенцијата, може да се застапени како набљудувачи на состаноци на Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол. Секое тело или агенција, без разлика дали е национално или меѓународно, владино или невладино, коешто е квалификувано за прашањата што ги покрива овој Протокол и коешто го информирало Секретаријатотза својата желба да биде застапено на состанокот на Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол како набљудувач, може да се прими како такво, освен ако на тоа не се спротистави најмалку една третина од присутните Страни. Освен ако овој член не предвидува поинаку, приемот и учеството на набљудувачите ќе подлежат на Деловникот за работа од став 5.

Член

**27**

## ПОМОШНИ ТЕЛА

1. Помошно тело воспоставено од страна на или врз основа на Конвенцијата може да биде во служба на овој Протокол, вклучувајќи и по одлука на Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол. Секоја таква одлука ги наведува задачите што треба да се исполнат.

2. Страните на Конвенцијата коишто не се Страни на овој Протокол може да учествуваат како набљудувачи на кој било состанок на кои било помошни тела. Кога помошно тело на Конвенцијата е во својство на помошно тело на овој Протокол, тогаш одлуките засновани на овој Протокол важат само за Страните на Протоколот.

3. Кога помошно тело на Конвенцијата ја врши својата функција во однос на прашањата што се однесуваат на овој Протокол, секој член на Бирото на тоа помошно тело што претставува Страна на Конвенцијата, но во тоа време не е Страна на овој Протокол, го заменува член што се избира од страна на и од редовите на Страните на овој Протокол.

Член
**28**

## СЕКРЕТАРИЈАТ

1. Секретаријатот формиран според член 24 од Конвенцијата е во својство на Секретаријат на овој Протокол.

2. Член 24, став 1 од Конвенцијата којшто се однесува на функциите на Секретаријатот важи, mutatis mutandis, за овој Протокол.

3. До мера до којашто се разликуваат, трошоците за услугите на Секретаријатот за овој Протокол ги сносат неговите Страни. Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол, на првиот состанок, одлучува за потребните буџетски аранжмани за таа цел.

Член
**29**

## МОНИТОРИНГ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Секоја Страна е должна да врши мониторинг над спроведувањето на своите обврски од овој Протокол и да поднесува извештај до Конференцијата во својство на состанок на Страните на овој Протокол за мерките коишто ги презела за спроведување на овој Протокол, во интервали и во формат утврден од страна на Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол.

Член
**30**

## ПОСТАПКИ И МЕХАНИЗМИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА СО ОВОЈ ПРОТОКОЛ

Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол, на својот прв состанок, ги разгледува и одобрува постапките за соратка и институционалните механизми со цел да ја промовира усогласеноста со одредбите на овој Протокол и да постапува во случаи на непочитување.Овие постапки и механизми опфаќаат одредби што нудат совет или помош, зависно од случајот.Тие се одделни од постапките за решавање на спорови и механизмите под член 27 од Конвенцијата и не ги доведуваат истите во прашање.

Член
**31**

## ОЦЕНКА И РЕВИЗИЈА

Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол врши, четири години по стапувањето во сила на Протоколот и потоа на интервали одредени од страна на Конференцијата на Страните во својство на состанок на Страните на овој Протокол, оценка на ефективноста на Протоколот.

Член
**32**

## ПОТПИШУВАЊЕ

Протоколот е отворен за потпишување од Страните на Конвенцијата во Главното седиште на Обединетите нации во Њујорк, од 2 февруари 2011 до 1 февруари 2012 година.

Член
**33**

## СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА

1. Овој Протокол стапува во сила на деведесеттиот ден по датумот на доставување на педесеттиот инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување од страна на држави или регионални организации за економска интеграција коишто се Страни на Конвенцијата.

2. Овој Протокол стапува во сила за држава или регионална организација за економска интеграција којашто ќе го ратификува, прифати или одобри овој Протокол или ќе се приклучи кон истиот по доставувањето на педесеттиот инструмент од горниот став 1, на деведесеттиот ден по датумот на којшто државата или регионалната организација за економска интеграција ќе го достави својот инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување или пристап, или на датумот на којшто Конвенцијата стапува во сила за таа држава или регионална организација за економска интеграција, земајќи го последното од двете.

3. За целите на горните ставови 1 и 2, секој инструмент што го доставува регионална организација за економска интеграција не се смета за дополнителен на оние доставени од страна на земјите-членки на таа организација.

Член
**34**

## РЕЗЕРВИ

Не се дозволени резерви за овој Протокол.

Член
**35**

## ПОВЛЕКУВАЊЕ

1. Во секое време две години по датумот на којшто Протоколот стапил во сила за една Страна, таа Страна може да се повлече од овој Протокол со тоа што ќе достави писмено известување до Депозитарот.

2. Секое повлекување се реализира по истекот на една година од датумот на неговиот прием од страна на Депозитарот, или на некој подоцнежен датум, наведен во известувањето за повлекување.

Член
**36**
## АВТЕНТИЧНИ ТЕКСТОВИ

Оригиналот од овој Протокол, чиишто текстови на арапски, кинески, англиски, француски, руски и шпански јазик се еднакво автентични, се депонира кај Генералниот секретар на Обединетите Нации.

ВО ПРИСУСТВО НА долупотпишаните, соодветно овластени како потписници, се потпиша овој Протокол на наведените датуми.

СКЛУЧЕН во Нагоја на овој дваесет и деветти ден во октомври, две илјади и десетта година.

# Додаток
## ПАРИЧНИ И НЕПАРИЧНИ ПРИДОБИВКИ

1. Паричните придонеси може да вклучуваат, но не се ограничени на:

(а) Надоместок по собран или на друг начин стекнат примерок;

(б) Авансни плаќања;

(в) Исплати во утврдени фази;

(г) Исплати на хонорари;

(д) Надоместоци за лиценци во случај на комерцијална употреба;

(ѓ) Специјален надоместок, што се плаќа на доверителен фонд, којшто го поддржува зачувувањето и одржливото користење на биолошката разновидност;

(е) Плати и повластени услови, доколку се меѓусебно договорени;

(ж) Финансирање на истражувања;

(з) Заеднички вложувања;

(ѕ) Заедничка сопственост на важечките права на интелектуална сопственост.

2. Непаричните придобивки може да вклучуваат, но не се ограничени на:

(а) Споделување на резултати од истражувања и развој;

(б) Заедничко дејствување, соработка и придонес кон научни истражувања и програми за равој, особено биотехнички истражувачки активности, секогаш кога е возможно, во Страната што ги обезбедува генетските ресурси;

(в) Учество во развој на производи;

(г) Заедничко дејствување, соработка и придонес кон едукација и обука;

(д) Прием во in situ капацитети и бази на податоци за генетски ресурси;

(ѓ) Пренос на знаење и технологија до снабдувачот на генетски ресурси под праведни и најповолни услови, вклучувајќи и концесиски и повластени услови, по договор, знаење и технологија, коишто ги користат генетските ресурси, вклучувајќи биотехнологија, или коишто се значајни за зачувувањето и одржливото користење на биолошката разновидност;

(е) Зајакнување на капацитетите за пренос на технологија;

(ж) Изградба на институционални капацитети;

(з) Човечки и материјални ресурси за да се засилат капацитетите на администрацијата и спроведувањето на прописите за пристап;

(ѕ) Обука во врска со генетските ресурси со целосно учество на земјите што ги обезбедуваат генетските ресурси и секогаш кога е возможно, во тие земји;

(и) Пристап до научни информации значајни за зачувување и одржливо користење на биолошката разновидност, вклучувајќи ги и биолошките инвентари и таксономските студии;

(ј) Придонес кон локалната економија;

(к) Истражување насочено кон приоритетни потреби, како што се безбедноста на здравјето и храната, земјаќи ги предвид домашните намени на генетски ресурси во Страната што ги обезбедува генетските ресурси;

(л) Институционални и професионални врски што може да произлезат од договор за пристап и распределба на придобивките и последователни активности на соработка;

(љ) Придобивки за безбедност на храна и егзистенција;

(м) Социјално признание;

(н) Заедничка сопственост на релевантни права на интелектуална сопственост.